ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
УКИМ – Фармацевтски факултет Скопје

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност.
Сметката на буџет од самофинансирачки активности (788-12)

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- не е донесена процедура за утврдување и наплата на приходите остварени по различни основи во рамките на високообразовната дејност;
- исплатата на договорните услуги не е во согласност со актите за исплата на плати донесени од страна на факултетот;
- не се води материјална евиденција за набавката и трошењето на реагенси и други материјали за работа во лабораторија, канцелариски материјали, средства за одржување на хигиена и други материјали.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2019 година, а за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со законска регулатива, упатства и воспоставени политики изрази неповолно мислење

**Клучни препораки:**
- да се преземат активности за евиденција на сите уплати од студентите и нивна поврзаност со сметководствената евиденција и
- усогласување на актите/одлуките по кои се врши исплата на надоместоци за вршење на дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовен работен однос со Одлуката за утврдување на плата и друг вид на надоместоци.

**Клучни системски слабости:**

Национален совет за високо образование и научно истражувачка работа не е формиран и не е предложена Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование до Владата на РСМ.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
На Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, во дадениот рок од страна на одговорното лице на субјектот предмет на ревизија не се дадени забелешки.

**Одговор на добиени забелешки:**
/.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk